Рев2.бр.463/2019

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Мирјана Радевска Стефкова - претседател на совет, Владимир Стојаноски, Снежана Ѓорѓиеска Зекирија, Исамедин Лимани и Лидија Мартинова - членови на советот, во правната работа на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва - Руска Федерација против тужените Винарска Визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги Имако ДОО увоз - извоз Штип, за надомест на штета, вредност 1.915.458 евра, одлучувајќи по ревизијата на тужителот изјавена преку полномошник Ненад Јаниќевиќ, адвокат од Адвокатска канцеларија Јаниќевиќ од Скопје против пресудата на Апелациониот суд Штип ГЖ-179/19 од 09.07.2019 година, на седница одржана на ден 27.01.2021 година, донесе:

# РЕШЕНИЕ

Ревизијата на тужителот, СЕ УСВОЈУВА.

Пресудата на Апелациониот суд Штип ГЖ-179/19 од 09.07.2019 година, СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на повторно одлучување на второстепениот суд.

## Образложение

Основен суд Штип со пресуда П4-78/15 од 18.01.2016 година, го усвоил тужбеното барање и ги задолжил тужените да му надоместат на тужителот штетата во износ од 1.915.458 евра со домицилна камата по среден курс на Централно европска банка на денот на исплатата сметано од 27.07.2005 година до 31.01.2010 година, а од 01.02.2010 година до исплатата казнена камата во висина на еднomесечната стапка на Еурибор за евра, што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за 8 процентни поени и да му надоместат трошоци во износ од 268.080,00 денари. Го одбил барањето на тужителот за трошоци за разликата од досудените до побараните 492.120,00 денари.

Апелациониот суд Штип со пресуда ГЖ-179/19 од 09.07.2019 година, жалбата на тужените ја уважил, пресудата на Основен суд Штип П4-78/15 од 18.01.2016 година, ја преиначил и го одбил како неосновано

тужбеното барање да се задолжат тужените да му ја надоместат на тужителот штетата во износ од 1.915.458 евра со домицилна камата, според среден курс на Централно европска банка на денот на исплатата, сметано од 27.07.2005 година до 31.01.2010 година, а од 01.02.2010 година до исплата казнена камата во висина на едномесечната стапка на Еурибор за евра, што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за 8 процентни поени, како и да му надоместат трошоци во износ од 268.080,00 денари. Го задолжил тужителот да им плати на тужените трошоци во вкупен износ од 167.836,00 денари, а барањето на тужените за разликата до побараните 218.167,00 денари, го одбил.

Против пресудата на Апелациониот суд Штип, ревизија изјави тужителот преку својот полномошник поради суштествени повреди на одредбите од парничната постапка и погрешна примена на материјалното право, со предлог ревизијата да се усвои, жалбата на тужените да се одбие и да се потврди првостепената пресуда, а тужените да се задолжат со трошоци или да се укине и предметот да се врати на повторно одлучување на второстепениот суд.

Тужените во одговор на ревизија, изјавен преку полномошник Гоце Цоневски, адвокат од Скопје, во целост ги побиваат наводите во ревизијата и предлагаат истата да се одбие, а тужителот да се задолжи со трошоци. Дополнување на одговорот на ревизија е поднесен и од Ристе Љуботенски.

Врховниот суд на Република Северна Македонија по проучување на списите во предметот, наводите во ревизијата и во одговорот на ревизија, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 377 став 3 од Законот за парнична постапка, најде:

Ревизијата е основана.

Основан е ревизискиот навод за сторена суштествена повреда од член 343 став 2 точка 14 од Законот за парнична постапка, од причина што побиваната пресуда е нејасна и неразбирлива, не содржи доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел второстепениот суд при одлучувањето, а дадените причини се спротивни и не произлегуваат од изведените докази во текот на постапката.

Основан е и ревизискиот навод за погрешна примена на материјалното право, со оглед на утврденото во фактичката состојба.

Имено, судовите утврдиле дека тужителот и лицето Ристо Љуботенски од Штип на 13.11.2004 година склучиле договор за деловно - техничка и финансиска соработка, заверен кај нотар Ленче Каранфиловска од Штип под УЗП.бр.5958/4 од 13.11.2004 година, со кој било договорено дека тужителот пристапува како содружник со 50% од вредноста на капиталот во кој се сметаат обртните парични средства, визбата во мв. 6-ти километар како и земјиште на кое е изградена и лозја на кои врши одгледување на грозје, а во исто време се согласил да ги

превземе сите обврски како содружник кои му припаѓаат по ЗТД и други прописи кои ја регулираат оваа област. Во периодот кој следел тој започнал со исполнување на својот дел од обврската со тоа што платил за порачка од италијанска компанија 508.712 евра за опрема и машини кои биле испорачани и оставени кај првотужениот Имако Вино, а извршил и плаќање преку Република Бугарија, конкретно на Коман Фимер Италија 166.300 евра, на ПИМ Бугарија 683.341 евра, за опрема купена за тужените. Овие плаќања тужителот ги извршил со сопствени средства заради вложување кај тужените. Како тужителот подолг период не добивал извештај за работата на фирмите во кои станал содружник ниту пак му била исплаќана добивка, тој се заинтересирал за целокупната состојба и дошол до сознание дека по потпишувањето на договорот, наместо да постапи по договорот исполнувајки го својот дел од истиот, законскиот застапник на второтужениот Ристе Љуботенски изготвил документација според која тужителот пристапува со 49% во вкупниот основачки влог и биле извршени промени во Централниот регистар кај тужените иако со член 5 од договорот, било предвидено еднакво учество на двете страни и во добивката од вложените средства. По склучувањето на договорот, кај страните била постигната согласност со делба на профитот да започат после 3 до 4 години кога производството ќе закрепне и фирмата ќе стане профитабилна. Од извештај за констатирана состојба изготвен од економско правно биро НМ од Скопје, од месец септември 2013 година утврдено е дека тужителот ги извршил последните плаќања во месец август 2007 година, а од Информации од Централен регистар од 27.03.2013 година е утврдено дека како резултат на заедничките вложувања на тужителот и на тужениот, целокупната финансиска имотна состојба на тужените се зголемила, па вкупните материјални средства на Имако вино стигнале до 230.223.430,00 денари, залихите до износ од 85.874.520,00 денари, а краткорочните побарувања 39.438.326,00 денари и тоа за 2011 година што се гледа од информацијата за економско финансиската состојба на субјект Винарска визба Имако вино Дооел Штип издадена од Централниот регистар на РМ под број 0905-23/263 од 27.03.2013 година или во евра 3.909.339,00 евра, а дека 50% од тоа колку што изнесува уделот на секој од нив, се 1.954.669,00 евра.

Врз основа на вака утврденото, првостепениот суд го усвоил тужбеното барање и ги задолжил тужените да му ја надоместат на тужителот штетата во износ од 1.915.458 евра со соодветна камата, ценејќи ги информации од Централен регистар од 27.03.2013 година, врз основа на што заклучил дека тужителот вложил 1.954.669 евра што претставува 50% од вредноста на првотужениот. Првостепениот суд не го прифатил приговорот за недостаток на пасивна легитимација на тужениот, затоа што прифатил дека од сите изведени докази се утврдила јасно изразената волја и намера кај законскиот застапник на второтужениот Ристе Љуботенски, тужителот да биде содружник и негов партнер во работењето на и во двете фирми, а согласно член 176 и член 184 од Законот за трговски друштва кој бил во важност во време на склучување на договорот за деловно техничка и финансиска соработка. Првостепениот суд повикувајќи се на одредбите од член 349, член 350, член 351, член 360, член 365 и член 377 од Законот за облигациони

однос, заклучил и дека приговорот на тужените за застареност на тужбеното барање е неоснован, од причина што прифатил дека настапил прекин на застареноста, со оглед дека тужителот во месец април 2008 година превзел дејствија во насока на остварување на своите побарувања заради неизвршувањето на обрските од страна на тужените и се обратил до адвокатска канцеларија, а на 08.04.2013 година за оваа правна работа поднел и кривична пријава против тужениот, примена во ОЈО Скопје на 26.04.2013 година.

Второстепениот суд пак оценил дека на правилно утврдената фактичка состојба, првостепениот суд погрешно го применил материјалното право, па ја преиначил пресудата и го одбил како неосновано тужбеното барање. Имено, второстепениот суд го прифатил истакнатиот приговор на тужените за застареност и заклучил дека од последните вложувања во месец август 2007 година до поднесувањето на тужбата на ден 12.10.2013 година, поминал со закон предвидениот рок од пет години, согласно член 360 и член 365 став 2 од Законот за облигациони односи. За второстепениот суд интересирањето на тужителот кај адвокатот за неговите права од договорот, не претставува прекин на застареноста на побарувањето на тужителот. Уште, второстепениот суд застанал на стојалиште дека во случајов се работи побарување за надомест на штета, а не за побарување кое произлегува од заснован содружнички однос.

Меѓутоа, по наоѓање на Врховниот суд, основано тужителот во изјавената ревизија укажува дека причините за одбивање на тужбеното барање и прифаќањето на приговорот за застареност, дадени во побиваната пресуда се нејасни и неразбирливи и не произлегуваат од утврдените решителни факти.

Основан е и ревизискиот навод на тужителот дека второстепениот суд не ги имал во предвид напатствијата на Врховниот суд на Република Македонија дадени во одлуката Рев2.бр.180/2017 од 15.11.2018 година.

Имено, нејасен и неаргументиран е заклучокот на второстепениот суд дека во случајов станува збор за барање за надомест на штета, а не за побарување кое произлегува од заснован содружнички однос, во ситуација кога од содржината на тужбата и од утврдени решителни факти во текот на постапката јасно произлегува дека тужителот своето побарување го темели врз основа на склучениот договор за деловна техничка и финансиска соработка помеѓу него и Ристе Љуботенски. Второстепениот суд не земајќи ја во предвид содржината на склучениот договор, прифаќа дека тужителот бара надомест на штета од правни лица кои не се потписници на Договорот кој бил склучен помеѓу физичките лица, па ја доведува во прашање и легитимацијата на тужителот, но и на тужените за кои прифаќа дека со тужителот немаат воспоставено никаков облигационо правен однос ниту содружнички однос, за да тој како содружник црпи некакво право од наведениот Договор, па наоѓа дека во случајов може да најдат примена само одредбите од Законот за облигациони односи, а не одредби од други Закони со кои се регулира содружнички однос.

По наоѓање на овој суд, ваквиот заклучок на второстепениот суд е погрешен, од причина што тој при одлучувањето воопшто не го ценел договорот за деловно техничка и финансиска соработка склучен помеѓу тужителот и лицето Ристе Љуботенски, особено член 1 и член 2 од истиот. Ова со оглед дека во член 1 јасно е наведено дека, втората договорна страна Ристе Љуботенски располага со капитал во кој се сметаат обртните парични средства, визба и земјиште сопственост на ДООЕЛ Имако и ДООЕЛ Имако Вино и дека истиот се согласува првата договорна страна, а тоа е тужителот, да пристапи како содружник со 50% од вредноста на капиталот во кој се сметаат обртните парични средства, визбата и земјиште на кое е изградена и лозја на кои врши одгледување на винова лоза. Според наведеното во член 2 од Договорот, првата договорна страна се согласува да пристапи како содружник со 50% од вредноста на капиталот во кој се сметаат обртните парични средства, визба и земјиште на кое е изградена и лозја на кои врши одгледување на винова лоза, и во исто време се обврзува да ги преземе сите обврски како содружник кои му припаѓаат по Законот за трговските друштва и другите прописи кои ја регулираат оваа област. Особено што пониските судови утврдиле дека во спроведување на договорот за деловно - техничка и финансиска соработка, тужителот бил запишан како содружник со 49% од вкулниот основачки влог.

Оттука, поаѓајќи од материјално правниот однос заснован меѓу тужителот и Ристе Љуботенски, како сопственик на капиталот наведен во член 1 од договорот, како спорно се наметнува прашањето дали во случајов станува збор за побарување за надомест на штета меѓу физички лица или за побарување кое произлегува од заснован содружнички однос, на кој се применуваат одредби од Законот за трговските друштва, при оценка на приговорот за застареност.

Воедно поради погрешен правен пристап дека застарувањето на побарувањето на тужителот почнува да тече од денот кога тие средства се вложени, второстепениот суд не ги утврдил решителните факти за почеток на течењето на рокот за застареност на побарувањето на тужителот. Во смисла на член 350 став 1 од Законот за облигационите односи, застареноста почнува да тече првиот ден по денот кога доверителот имал право да бара исполнување на обврската, ако за одделни случаи со закон не е пропишано нешто друго. Во конкретниот случај, судовите не утврдиле врз основа на вложувањата на тужителот кога истиот можел да бара исплата на добивката, како што е предвидено во договорот за деловно - техничка и финансиска соработка, дали истиот е во важност, како и врз основа на содружничкиот однос на тужителот кај тужените.

Од наведените причини, следуваше да се одлучи како во изреката, согласно член 385 став 1 од Законот за парнична постапка.

При повторното постапување, второстепениот суд ќе треба да ги има во предвид укажувањата на овој суд, по истите да постапи и да ја отстрани сторената суштествена повреда, па со преоценка на изведените докази да ги утврди решителните факти од кои зависи правилната примена на материјалното право и врз основа на истите да донесе правилна и законита одлука.

Решено во Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 27.01.2021 година под Рев2.бр.463/2019.

Претседател на советот - судија
Мирјана Радевска Стефкова с.р.

За точноста на отправокот – т в р д и секретар